# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН

# 2025-2031

**СОДРЖИНА**

**1. Вовед**

**1.1. Социо – економски карактеристики на општината**
**1.2. Законска регулатива**

**1.3. Општинска структура за спроведување и изработка на Социјалниот план**

**2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби**

**3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**
**3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**
**3.1.1. Услуги на информирање и упатување**
**3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка**
**3.1.3. Услуги на советување**
**3.1.4. Услуги во домот**
**3.1.5. Услуги во заедницата**
**3.1.6. Услуги за вон-семејна заштита**
**3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**
**3.2.1. Услуги на информирање и упатување**
**3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка**
**3.2.3. Услуги на советување**
**3.2.4. Услуги за вон семејна заштита**
**3.2.5. Лична асистенција**
**3.2.6. Услуги во заедницата**
**3.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ**
**4.Образование**
**4.1 Воспитно образовни асистенти во основното образование**
**4.2 Ученички Дом „Боро Менков“ Крива Паланка**
**4.3 Згрижување и предучилишно образование**
**5. Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување**
**6. Потребни капацитети и финансиска поддршк**

**7. Лиценцирање на даватели на услуги.**

## Вовед

Со цел да се запази интегритетот на Општина Крива Паланка и довербата на нашите граѓани со кои и за кои работиме во процесот на изработка на социјален план кој ке придонесе полесен пристап до услугите и можностите за полесен пристап до целните групи и нивно интегрирање и вклучување во зедницата. Транзиционите периоди кои предолго траат во Република Северна Македонија, а согласно тоа и во Општина Крива Паланка, предизвикуваа и сеуште предизвикуваат системот на социјална заштита на државно, а со тоа и на локално ниво да се прилагодува на ново настатнатите сосотојби односно евидентирано нови проблеми и појави, пад на животниот стандард, намален бруто домашен производ, зголемена сиромаштија и појава на социо патолошки проблеми и појави, надворешна и внатрешна миграција со што посебно во руралните средини имаме незгрижени стари и изнемоштени, кои предизвикаа спроведување на низа реформски процеси во областа на социјалната заштита преку донесување на нови законски прописи, правилници, стратегии и сл.

Основа за изготвување на социјалниот план од страна на Општинскиот совет за социјална заштита е регулирано со член 141 од Законот за Социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот.

Социјалниот план има за цел мапирање на социјалните проблеми на ранливите групи во општината, да изврши анализа на сегашните состојби и капацитети и расположливи социјални услуги, а посебно да ги утврди специфичните потреби за развој на социјални услуги во општина Крива Паланка на средорочен план издвојувајќи ги приоритетите по права, услуги, бројност на годишно ниво. Ова ќе биде појдовна основа при изготвување на годишните програми за социјалана, детска и здраствена заштита во Општина Крива Паланка. Воведот не е прав вовед ако не ја потенцираме социјалната заштита која се остварува преку разни мерки и активности со цел за заштита од ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните со цел спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на живот и посебно зајакнување на капацитетите за водење на самостоен и независен живот. Наведените состојби-ризици ќе бидат анализирани подолу во социјалниот план.

Општина Крива Паланка во изминатите години континуирано, ги следи и детектира доминантните приоритети на ранливите групи во руралните и урбаните населби, а што е засновано и на се поголемиот број на барања од жителите за основна, здравствена, социјална и хуманитарна поддршка и помош. Во рамките на своите расположиви материјални, кадровски и волонтерски капацитети се обезбедува периодична помош за најзагрозените лица.

Со спроведените активности за превенирање и спречување на понатамошното влошување на здравјето, социјалната негрижа, исклученост и општествена изолираност, се подигна степенот на здравствена грижа кај старата популација и другите болни лица и се поттикна социјалната инклузија на корисниците во најосновните текови од општествениот живот и локалната заедница. Сите овие мерки го подобрија квалитетот на живот на ранливото население во овие рурални населби.

## 1.1. Социо – економски карактеристики на општината:

Општина Крива Паланка според својата географска диспозиција, е сместена во североисточниот дел на државата на граничната линија со Република Србија и Република Бугарија, простирајќи се на надморска височина на 450 м до 2252 м. Поголемиот дел од општината го зафаќа просторот помеѓу северните падини на планината Осогово, јужните падини на планината Герман. Општината зафаќа појас на две гранични линии, на север се граничи со Р.Србија, а на североисток со Р.Бугарија.

Општина Крива Паланка според Националната категоризација е категоризирана како рурално подрачје и опфаќа 18 урбани заедници и 33 Месни заедници (Баштево, Б'с, Варовиште, Борово, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Добровница, Дренак, Дрење, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Мождивњак, Нерав, Огут, Осиче, Подржикоњ, Станци,Тлминци, Трново и Узем). Месните заедници се рурални населби со отежнати услови над 700 метри надморска висина, претежно од разбиен тип каде што домаќинствата се оддалечени едно од друго и поврзани со прилично лоша патна мрежа составена од земјени или макадам патишта по кои што отежнато се одвива сообраќајот во определени сезони во годината.

Соседни општини на Општина Крива Паланка се: Ранковце, Кратово, Македонска Каменица, Кочани, општина Ќустендил во Р. Бугарија и општините Босилиград и Трговиште во Р. Србија. Градот лежи на коридорот Е-8, оддалечен 60 км од регионалниот центар Куманово и 100 км од Скопје, но и 100 км од Штип како центар на Источниот Плански регион. Општина Крива Паланка е поврзана преку експресниот пат Крива Паланка – Страцин-Куманово.Деве Баир (граничен премин со Бугарија) на само 100 км од Бугарската престолнина Софија.

Во Општина Крива Паланка според Пописот од 2021 година живеат 18 059 жители од кои 9 302 се од машки пол и 8 757 се од женски пол.

Според националната припадност во општината според Пописот од 2021 има: Македонци 16 675, Роми 447, Срби 66, Бошњаци 2, , Власи 5 , Албанци 7 Турци 6 .

Ако се земе во предвид дека Североисточниот регион е најнеразвиен регион во државата, а како рурална средина, општина Крива Паланка е соочена со најограничени капацитети и многу мали можности за обезбедување на соодветни стандарди и развој на заедницата, јасно е дека најголем дел од населението е соочено со огромен социјален ризик. Неповолните општествени околности претставуваат сериозна закана за задоволување и на најосновните потреби на населението низ целиот животен циклус, а особено кај старите лица, кои живеат во целосна социјална исклученост и под секакво достоинство на основните права на живеење. Овие ризици имаат големи неповолни последици врз целокупното население, кое се соочува со сиромаштија, глад, болести, несоодветни и субстандардни услови за домување, неписменост и несоодветно образование, отежната патна и комунална инфраструктура, недостапност до основните услуги за остварување на правата од здравствена и социјална заштита, лоши комуникациски врски и многу други проблеми. Ова резултира со живот под секакво достоинство и ја наметнува потребата од хуман аспект за обезбедување на основните човекови права и услови на основни стандарди на живеење кое ние го детектираме и во овој нов социјален план.

## 1.2. Законска регулатива

- Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23)
- Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25),
- Закон за семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21 и 199/23),
- Закон за финансирање на единиците на Локална самоуправа (Службен весник на РСМ,бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),
- Закон за локална самоуправа (Службен весникна РСМ, бр.5 од 29.01.2002),
- Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25)
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здраствената заштита.

## 1.3. Општинска структура за спроведување и изработка на Социјалниот план

За остварување на дејноста на социјалната заштита Советот на Општина Крива Паланка формираше Општински совет за социјална заштита. Одлуката за формирање на Општинскиот совет за социјална заштита, вклучително и неговиот состав може да го видите во Анекс бр.1,Одлука за формирање на Општински совет за социјална заштита-верна на оригиналот, на крајот на планот и Решенија за членови на истиот.

Покрај Членовите на Општинскиот Совет за Социјална заштита од организациската структура на општинската администрација на Општина Крива Паланка, за изработката на овој Социјален план беше вклучен Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, односно Одделението за јавни дејности. Одговорно лице е Соработник за здравствена, социјална и детска заштита, Елена Христовска (контакт подотоци, e-mail estankovska@krivapalanka.gov.mk и телефон 072/251-031).

## 2 Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

Во согласност со Законот за социјална заштита, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, Законот за рамномерен регионален развој, Програмата за регионален развој, како и останатите социјални политики и програми на државата, План за локален економски развој 2024-2027, Програмата за социјална, детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка, општината континуирано и посветено работи на социјалната добросостојба на своите граѓани.

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање и беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на Крива Паланка, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив, од доменот на своето работење, придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребна акција.

Прва специфика на општината е демографското стареење, кое за жал, е актуелен проблем на денешницата. Според податоците од пописот во 2021 година, во Крива Паланка има од 65 до 69 години се 1459 лица, од 70 до 74 години се 1141 лице, од 75 до 79 се 594 лица, од 80 до 84 години се 346 лица и над 85 години се 200 лица.

Одреден број стари лица од село се преселиле во градот, други по заминување во пензија од град се преселиле во село, некои починале, но животниот век е постојано во пораст, така да старите лица се тука во Општината и помалку или повеќе со самата старост претставуваат ранлива категорија.

Втора, и не помалку важна специфика е нерамномерноста во развојот и нееднаквоста на условите за живот во различните делови на општината. Руралните населби со своите карактеристики се разликуваат од урбаните средини, па затоа и потребите и приоритетите на населението од овие подрачја се различни, а во тој контекст и начинот на справувањето со предизвиците во општествено-социјалното живеење. Од прегледот на претходно извршени теренски анализи во руралните средини, произлегува заклучокот дека лицата во руралните средини се почесто во социјален ризик, особено старите кои често остануваат да живеат сами, дополнително што голема е веројатност да се соочуваат и со нарушување на психофизичките способности и здравјето. Можностите за нивна помош и подршка од страна на соседите е минимални бидејќи селата се од разбиен тип, со голема оддалеченост на домаќинствата една од друга и поради тоа што сите жители во овие села се претежно стари лица. Во руралните средини особено е изразена и сиромаштијата, а голем број семејства живеат без обезбедени елементарни услови за егзистенција и најголем дел од нив се на товар на државата.

Според собраните податоци се направи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи и нивните потреби, а во продолжение даваме преглед на состојбата.

- ✓ Бројот на стари лица над 65 години е 3740, овие бројките се резултат на масовното иселување на младите од Општина Крива Паланка, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои не можат да обезбедат основна социјална и здравствена грижа, или не можат да ги задоволат своите основни животни потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини.

- ✓ Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општинската организација на Црвен крст во Крива Паланка, која интензивно и успешно имплементира проекти за грижа за стари лица од 2005 година до денес, се констатира следната состојба на најголем дел на корисниците на социјалните услуги од ОО Црвен Крст, Крива Паланка.
  - Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот.
  - Поголемиот дел живеат сами (вдовец/вдовица)
  - Речиси сите имаат здравствени проблеми (90% ревматски заболувања, 85% кардиоваскуларни заболувања, 45% дијабет)
  - Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот , набавката и подготовката на храна им претставува тешкотија.
  - За посета на лекар и набавка на лекарства се потполно зависни од друг;
  - Преовладува чувството на осаменост, непотребност и отфрленост.

- ✓ Бројот на пензионери на територија на Општина Крива Паланка е околу 3 366 лица, бројот на пензионери инвалиди на трудот се 410. Голем дел од нив секојдневно се соочуваат со проблеми од осаменост изолираност, потешкотии во домот и секојдневните активности. Тие се организирани во Здружение на пензионерите - Крива Паланка ,Здружение на инвалиди на трудот и Центарот за Активно стареење на стари лица над 65 годишна возраст.
- ✓ Црвениот Крст покрај интезивна поддршка за подобар и поквалитетен живот вложува и во здраво и активно стареење на пензионерите.
- ✓ Состојбата на лица со попреченост (лица со интелектуална и телесна попреченост, телесни инвалиди, деца со аутизам, деца со говорни недостатоци, деца со ретки болести, лица со комбинирани пречки, лица со оштетен вид и слух, лица со тешка и најтешка попреченост, лица со пречки во менталниот развој) во Крива Паланка е следната:
  - 44 лица со оштетен вид,
  - 49 лица со оштетен слух,
  - 51 лица со телесна попреченост, 21 лица со тешка попреченост, 21 лица со најтешка попреченост,
  - 61 лица со пречки во менталниот развој,
  - 103 лица со комбинирани пречки.

- ✓ Во Центарот за вработување - Крива Паланка евидентирани се 2228 лица како активни баратели на работа  и 1012 лица како пасивни баратели на работа. Долгорочната невработеност кај активните баратели на работа, без разлика дали се млади лица, лица во поодминати години или лица со попреченост, е проблем од големо значење и води кон сиромаштија и миграција надвор од Општина Крива Паланка.

- ✓ Според податоците на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Крива Паланка има евидентирано 1308 корисници на права од социјална и детска заштита на територија на општината  и тоа:
  - 264 корисници на гарантирана минимална помош, детски и образовен додаток
  - 908 корисници на надоместок за помош и нега
  - 50 корисници на социјална пензија
  - 132 корисници на надоместок заради попреченост
  - 2 корисници на надоместок  заради скратено работно време
  - 4 корисници на траен надоместок на родител на дете со попреченост
  - 59 корисници на посебен додаток
- ✓ Бројот на бракоразводни постапки во општината за 2021 година -13 бракоразводи, 2022 година -19 бракоразводи, 2023 година -21 бракоразводи постапки, соодветно.
- ✓ Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Крива Паланка евидентирани се  49 деца во социјален ризик.Од нив 12 се известувања добиени од други институции. Бројот на деца е 37 сторители на прекршоци и кривични дела кои имаат кривични пријави.

- ✓ Вкупно резидентно население според етничка припадност во Општина Крива Паланка, Роми 447, од кои мажи се 232, а жени 215. Албанци 7 од кои мажи 1, а жени 6, Турци 6 од кои , 3 мажи и 3 жени, Срби 66 од кои 32 жени и 34 мажи, Бошњаци  2 кои се мажи.( Извор Попис 2021 година).

- ✓ Жртви на семејно насилство, регистрирани се  вкупно жени 15 и мажи 3.

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните. Со Законот за социјална заштита се уредуваат системот и организацијата на социјалната заштита, корисниците на социјалната заштита, правата на парична помош и социјалните услуги, постапките за остварување на правата и користење на услугите, вршење на дејноста на социјалната заштита, кадрите, финансирањето и надзорот над вршењето на социјалната заштита и други прашања од значење за вршењето на дејноста на социјалната заштита.

Најважен сегмент за локална интервенција е воспоставувањето на социјални услуги  по која ја сочинуваат јавни установите за социјална заштита и други овластени даватели на социјални услуги (здруженија, други домашни и странски правни лица), со кои Министерството за социјална политика, демографија и млади, односно општината, склучиле управен договор за давање социјални услуги, како и физичко лице кое добило дозвола за вршење на работи од социјална заштита како професионална дејност и склучило договор со центарот за социјална работа.

Во изминатиот период општина Крива Паланка посветено работеше на обезбедувањето на потребните услови кои ќе придонесат кон превенција и надминување на социјалните проблеми на нашите сограѓани, но и на воспоставување на функционални социјални услуги кои ќе ги штитат од нови социјални ризици.

## 3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ  УСЛУГИ

Во изминатиот период општина Крива Паланка има посветено големо внимание за креирање на услови за обезбедување на социјални услуги. Спроведени се и бројни проекти со поддршка на различни донатори во кои се пилотирани различни активности.

-Општина Крива Паланка учествуваше на  Првиот повик  преку Министерството за социјална политика, демографија и млади аплицираше за подобрување на социјални услуги, каде што заедно со ОО Црвен Крст-Крива Паланка доби грант за воспоставување на социјални услуги беше опфатено при воспоставувањето, реновирање и опремување на просторија во просториите на зградата на ОО Црвен Крст-Крива Паланка, ОО Црвен Крст-Крива Паланка се лиценцираше за давање на социјални услуги, обука и сертифицирање  на 20 негуватели за стари и изнемоштени лица,  набавка на моторно возило за потребите на услугата, а услугата во тој период е испорачана на 40 корисника односно стари лица во домашни услови.

Давателот на услугата ОО Црвен Крст-Крива Паланка ја прошири услугата каде се опфатени 100 корисника , а се вклучени 40 негуватели за стари и изнемоштени лица во домашни услови која се покажаа како многу потребна и ефективна од увидот на терен и моменталната подобрена состојба на корисниците.
-Општина Крива Паланка на Вториот повик од Министерството за социјална политика, демографија и млади се јави заедно ОО Црвен Крст-Крива Паланка како провајдер и доби грант за воспоставување на социјална услуга Дневен центар со активно стареење за стари лица , каде се вклучени 50 корисника, и стручен тим од двајца координатори.
Дневниот центар со активно стареење за стари лица успешно функиционира ден денеска.

Многу активности за возрасната категорија на граѓани се реализирани преку учеството во Програмата за општинско - корисна работа спроведена во соработка и финансиска поддршка на општина Крива Паланка со УНДП, АВРМ, МТСП, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Крива Паланка кои беа сериозен потенцијал за воспоставување на социјалните услуги.

Од социјалните услуги кои се обезбедуваат согласно со Законот за социјална заштита, во моментов постојат:

**3.1.1. Услуги на информирање и упатување,** согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Крива Паланка.

**3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка,** согласно член 72 од Законот за социјална заштита обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Крива Паланка.

**3.1.3. Услуги на советување**, согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Крива Паланка.
Дополнително, здружението ЦПЛИП ПОРАКА[1] кое во Крива Паланка брои 80 членови, дава услуги од советодавна работа на своите членови - лица со интелектуална и телесна попреченост и нивните родители.

**3.1.4. Услуги во домот**
<u>Помош и нега во домот</u>
- Грижа и нега во домашни услови за стари и изнемоштени лица во рурални средини каде се опфатени 9 рурални населби и над 200 корисници, е давана во периодот 2016-2020 година во рамки на ОКР. Негователите во домашни услови овозможуваа дружење и комуникација со старите и изнемоштени лица, даваа морална и советодавна помош, спроведуваа превентивни здравствени активности, како што се: мерење на притисок, мерење на шеќер во крвта, мерење на температура, контрола на

---
1

начинот на земање на лекови пропишани од матичен лекар, контрола на рокот на лековите, остваруваа и им овозможуваа комуникација со свои блиски, комуникација со институции, закажуваа термини за посети како и помагаа во обавувањето на разни домашни потреби (набавка на намирници, плаќање на сметки, грижа за затоплувањето и облекувањето, приготвување на топли напитоци, помош околу хигиената низ домот и слични активности). Услугата е надополнета и со вклучување на релаксирачка масажа за стари лица кои искажале интерес, од страна на сертифициран масер-терапевт. Дополнителна вредност е тоа што масерот-терапевт е со попреченост (100% слепило) и преку оваа работа тој може да биде активен.
- Мобилните тимови, организирани од Црвениот крст и во рамки на ОКР, посебно внимание посветуваа на грижата за ранливите поединци во зимски услови на непроодни патишта и недостиг на основни прехранбени продукти, обезбедување на вода за пиење и огрев за затоплување на домовите. Во одредени случаи беше воспоставена и координација и домашни посети заедно со матичниот лекар за болните во критична здравствена состојба. Услугата на интервенција ја искористиле 300 најкритични стари лица, кои биле препуштени сами на себе, во тешка здравствена состојба, најчесто без можност за мобилност.

-Во рамки на Подобрување на социјалните услуги преку Министерството за социјална политика, демографија и млади ,а преку ОО Црвен Крст-Крива Паланка преку кој  се спроведуваат активности за помош и нега во домот се опфатени 100 кориисника, преку 40 обучени и сертифицирани негуватели за стари и изнемоштени лица, а со нив работат и двајца координатори.Во Општина Крива Паланка, ОО Црвен Крст има вклупно обучено и сертифицирано вкупно 62 негуватели за стари и изнемоштени лица. Помошта се однесува на Основни и инструментални активности од Законот за социјална заштита а тоа се:

*Основни активности од секојдневниот живот“ се: одржување лична хигиена, облекување, самостојно користење тоалет, функционална мобилност во домот, самохранење  и други слични активности;

* Инструментални активности од секојдневниот живот“ се: чистење, поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија и други слични активности;

**3.1.5. Услуги во заедницата**

Услуга за дневен престој - Дневен центар за лица со интелектуална и умерена попреченост, управуван и финансиран од Министерството за социјална политика, демографија и млади, на евиденцијата се 21 лице,  а редовно го посетуваат  15 лица со интелектулна попреченост, телесна попреченост и комбинирани пречки во развојот. Центарот има вработено стручен кадар од 6 лица и тоа 3 социјални работници меѓу кои еден е координатор на целата група, 1 специјален едукатор и рехабилитатор и 1 медицинска сестра) и 3 вработени како помошно технички персонал. Во оваа установа штитениците секојдневно добиваат услуги односно обука за самостоен живот и работа, секојдневна социјализација, контакт со надворешниот свет, заземаат учество во културно забавниот живот  организиран од страна на основните и средното училиште, настани и манифестации

организирани од страна на општината и други одбележувања на некои позначајни датуми.Со помош на програмата ОКР беше вклучен и дипломиран социјален работник кој во Дневниот центар организираше дополнителни активности за корисниците.
- Одличен пример за ресоцијализација е вклучувањето на корисниците на Дневниот центар за лицата со интелектуална и телесна попреченост во проектните активности во проектот координиран од здружението ТАКТ, финансиран од Германско Друштво за меѓународна соработка -ГИЗ и имплементиран од локалното партнерство "Спорт за сите"(www.takt.org,mk). Дополнително со помош на проектот за корисниците на Центарот биле обезбедени статичен велосипед и спортски реквизити.

Дневен центар за престој на стари лица со активно стареење во рамки на ОО Црвен Крст-Крива Паланка во кој има 50 корисника и стручен тим од еден координатор(Дипломиран социјален работник) и еден асистент на координаторот.. Дневниот центар значи подобри и поквалитетни социјални услуги, зботатен и зголемен видот на услуги за највозрасната категорија граѓани. Црвениот крст како даватал на услуги дава исклучителен допринос и е наш партнер во гржата за возрасните, подеднакво како и за останатите категории лица. Центарот за дневен престој на стари лица со активно стареење – го менува животот во позитивна смисла со многу секојдневни креативни изработки, многу дружење, многу забавни работилници, учество на прошетки итн.

**3.1.6. Услуги за вон-семејна заштита**
Живеење со поддршка - 1 лице.
Згрижување во семејство -10 лица.
Сместени во установа- 9 лица

## 3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Како инвестиција во добросостојбата на граѓаните, за следниот период е планиран развој на нови социјални услуги. Со оглед на финансиската состојба и големината на општината услугите се планира да бидат обезбедени преку соработки со донатори, проекти и грантови.

**3.2.1. Услуги на информирање и упатување**
Покрај постоечката работа на ЦСР, оваа услуга може да се дава и преку инфо-точка во општината, односно да се споделуваат информации кои се подготвени од нив. На пример:
- неопходно е да се развие посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на Центарот за вработување.
- Со оглед на големиот број на Ромско население во општината, а во насока на намалување на сиромаштијата, потребно е да се даде дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјалната и здравствената заштита и можностите поврзани со активација и вработување.

**3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка**
Долгоочекуваното работење на случај од страна на стручните лица на ЦСР ќе биде од голема помош за целокупното население кое се соочува со комплексни семејни ситуации и тешко може без поддршка да ги надмине проблемите.

**3.2.3. Услуги на советување**
- Општината е спремна да поддржи работа на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува МТСП. Младински центар, во своите рамки би обезбедувал советувалишна работа за деца и младинци во различни социјални ризици (вклучително и деликвенти, нарушени семејни односи, жртви на семејно насилство, жртви на врсничко насилство, итн.).

**3.2.4. Услуги за вон семејна заштита**
<u>3.4.1. Помош и нега во дом за стари лица-вон семејна заштита</u>
-Општина Крива Паланка има потреба од реконструкција и адаптација на простор за формирање на Дом за стари лица за вон семејна заштита. Оваа потреба Општина Крива Паланка во соработка со членовите на Општинскиот советот за социјална заштита при Општина Крива Паланка и ООЦрвен Крст Крива Паланка направија мапирање и состојбата на терен е дека во Општина Крива Паланка има се повеќе стари и изнемоштени лица кои живеат сами во своите домови и се укажа дека имаат потреба од вон семејна зашта.
-обезбедување на стамбени единици.

**<u>3.2.5 Лична асистенција</u>**
- Според податоците добиени од мапирањето за лицата со попреченост на територија на општина Крива Паланка има недостаток и потреба од услугата лична и персонална асистенција. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина, обезбедувајќи поддршка за нивно осамостојување, согласно индивидуалните потреби. Развојот на услугата ќе се базира на правилниците од Законот за социјална заштита.

**3.2.6. Услуги во заедницата**
<u>Услуга за престој и заштита на лица жртви на семејно насилство</u>
-Центар за поддршка и згрижување на лица кои се жртви на семејно насислство

Покрај овие услуги, а согласно потребата и поучени од претходни искуства ја оставаме отворена можноста да се развиваат иновативни услуги. Една од нив е обезбедување и/или дистрибуција на храна за социјално загрозени семејства и стари и изнемоштени лица.

### 3.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Социјален ризик е состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која може да дојде во потреба од социјална помош. Со изработката на овој Социјален план, меѓудругото, ги идентификуваме постоечките социјални ризици и правиме приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги.
Според состојбите во општината прикажани погоре, најголеми социјални ризици во Крива Паланка се:

- Старост
- Попреченост
- Сиромаштија
- Деца во судир со законот

## 4. ОБРАЗОВАНИЕ

Во Основното образование во учебнта 2024/25 година во ООУ „Илинден“ се запишани 523 ученика во сите одделенија.
Во ООУ „Јоаким Крчовски“ во учебната 2024/25 година се запишани вкупно 759 ученика во сите одделенија.
Во СОУ „Ѓорче Петров’ во учебната 2024/25 година се запишани вкупно 575 ученика.

4.1. Воспитно-образовни асистенти во основно образование
Општина Крива Паланка преку Програмата на Општинско корисна работа во рамки на УНДП, АВРМ и МТСП вклучи воспито-образовани асистенти за ученици со попреченост вклучени во редовниот процес на образование, оваа програма се покажа како многу ефективна во работата со овие ученици затоа Воспитно-образовните асистенти ги превзема Министерството за образование и науки и статусот нивен веќе е регулиран.
Во ООУ„Јоаким Крчовски“ се запишани 8 ученика со попреченост и 6 воспитно образовни асистенти.
Во ООУ „Илинден“ се запишани 5 ученика од кои со 3 ученика работат воспитно образовни асистенти.

4.2 Ученички Дом „Боро Менков“ Крива Паланка
Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ работи согласно Законот за ученички стандард и има за цел сместување, овозможување на исхрана, воспитување, преку физичко-здрастевен, интелектуален, културен развој на учениците сместени

во домот. Домот располага со 60 легла од кои во моментот во домот се сместени 17 ученика кои доаѓаат од руралните подрачја на Општина Крива Паланка и Општина Ранковце (Нерав, Герман, Жидилово, Узем, Дренак, с.Луке и Трново). Од 17 ученика 11 се средношколци кои учат во СОУ „Ѓорче Петров“ и 6 ученика кои се во основно образоавание во ООУ „Свети Јоаким Крчовски“.
Покрај спалните соби Ученичкиот дом располага кујна, трепезарија, занимална. Воспитната работа со учениците ја изведуваат воспитувачи, а по потреба ученикчкиот дом соработува со стручните служби во училиштата во кои учат (педагог, психолог).
Покрај грижата за учениците ОУД „Боро Менков“ врши и дополнителна дејност-приготвување на храна за потребите на Народната кујна проект наменет за социјално загрозени семејства на територија на Општина Крива Паланка и Општина Ранковце кој е финансиран од Министерството за социјална политика, демографија и млади.
*Во моментот бројот на корисници на Народна кујна е околу 90 лица во зависност од пријаените лица и лица кои ги исполнуваат условите.

**4.3 Згрижување и предучилишно воспитание на деца**

*На територија на Општина Крива Паланка, дејноста на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се остварува во три објекти и тоа: Пролетна Роса, Поточиња и Виножито.
Во објектот кој е на улица Свети Јоаким Осоговски, сместени се сите служби кој ја обединуваат целокупната дејност на Детската градинка и вршат работи од заеднички интерес за објектите, како што се следење и унапредување на основната дејност, превентивна здраствена заштита и исхрана на децата, стручно усовршување на кадарот, административно-правни и финансиски работи, тековно одржување и обезбедување на објектите, набавка, транспорт, подготовка на оброците итн.
Работното време на градинката е од 5.30 часот до 18.00 часот, најпрвин започнува помошно техничкиот персонал, а воспитно-згрижувачкиот кадар се организира со скалест распоред во зависност од потребите на згрижување на децата.
* Капацитетот на деца во објектот Пролетна Роса е 225 деца, распределени по групи и тоа две групи на јасли, седум групи градинка и една група со деца од училишна возраст (од 6 до 10 години.
* Капацитетот на деца во објектот „Поточиња“ е 192 деца распределен во групи, од кои една група јасли, пет групи градинка и една до две групи деца од училишна возраст ( од 6 до 10 години).
*Капацитетот на деца во објектот „Виножито“ е 40 деца , со една група на деца со полудневен престој.

Вкупно деца запишани за 2022год. се 324деца
Вкупно запишани деца за 2023 год . се 320деца
Вкупно запишани деца за 2024год. се 343деца

*Општина Крива Паланка аплицираше на Компонетата 2 од Проектот за подобрување на социјалните услуги, реализиран со поддршка од Светска банка и е дел од сеопфатната социјална реформа, која ја спроведуваа Владата и Министерството за

труд и социјалана политика. Преку оваа компонента се овозможува зголемување на опфатот на деца и се унапредуваат условите во градинките. Општина Крива Паланка доби грант  на истиот повик за надградба и реконструкција на ОЈУДГ „Детелинка“ во објектот „Поточиња, каде што капацитетот за опфат се зголеми за 102 деца.
Постојниот објект на градинката „Детелинка“ во Крива Паланка преку надградбата доби пет нови занимални, од кои една е наменета за деца до двегодишна возраст, а останатите четири се за хетерогени групи на деца на возраст од шест години. При изведбата на градежните зафати користени се современи градежни материјали кои овозможуваат висика енергетска ефикасност на објектот.
Во надградбата на објектот инвестирани се речиси 27 милиони денари, од кои повеќе од 22 милиони денари се вложени во градежните работи, а околу 4,7 милиони денари, во набавка на мебел и опрема.

**5.Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување**

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Стари лица | 1.1 Над 65<br>1.2 Изнемоштени стари лица<br>1.3 Стари лица со физичка попреченост<br>1.4 Стари лицаа со хронични болести | -Социјална услуга помош и нега во домот<br>-Социјална услуга-Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење | Медицински сестри<br>-Негуватели за старии изнемоштени лица<br>-Социјални работници<br>-Координатори-стручен тим | - Услуги на вон-семејна заштита<br><br>-Услуги за лична асистенција<br><br>-Услуги за лица жртви на семејно насилство | -координатори<br>-Социјален работник<br>-Лични асистенти<br>Физиотерапевти<br>-медицински сестри |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. Лица со попреченост | 2.1 Лица со интелектуална попреченост<br>2.2 Лица со физичка попреченост<br>2.3 Аутизам<br>2.4 Лица со ретки болести | Услуга во заедницата (услуга за дневен престој) | - 3 Социјални работници<br>-1 Специјален едукатор и рехабилитатор<br>- 1 Медицинска сестра | - Услуга во домот (личан асистенција)<br>- Услуги на вон-семејна заштита (живеење со поддршка) | -Лични асистенти на лица со попреченост<br>- Асистенти за асистирано живеење<br>-Социјален работник<br>-Педагог<br>-Логопед<br>-Медицински сестри |
| 3.Невработени лица и млади невработени | 3.1 Активни баратели на работа<br>3.2 долгорочно невработени над 50 години<br>3.3 Невработени лица со одредена попреченост, а баратели на работа | | АВРМ, Центар за вработување-Крива Паланка во соработка со ЈУ МЦСР0Крива Паланка | -Услуги за информирање и упатување<br>- Услуги на советување | -Невработени лица со соодветно образование |
| 4. Лица со нарушени семејни односи | 5.1 Жртви на семејно насилство<br>5.2 Лица во бракоразводни постапки | Центри за згрижување | Вработени во ЦСР | - Услуги во заедницата (услуги за привремен престој)<br>-Услуги на стручна помош и поддршка<br>- Услуги на советување | -Социјален работник<br>-Психолог<br>-Педагог<br>-Правник |

**6. Потребни капацитети и финансиска поддршка**

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | Капацитет/опфат (број на корисници, површина, територија, итн? | Потребни финансиски средства | Извори на финасисрање или начин на прибирање на потребните финасиски средства | Планирана соработка со: | Време/период на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Живеење со поддршка | Мали стамбени единици | Изградба или адаптација на постоечки стамбени единици | Задружен дом во с.Жидилово, со капацитет 12 стамбени единици, површина од 232 м$^2$ | 400.000 евра | Проекти преку донатори, грантови.<br>-Буџет на Општина Крива Паланка | -МТСП<br>-ЈУ МЦСР -Крива Паланка<br>-НВО | 24 месеци |
| Услуга во заедницата | Дневен центар за лица со интелектуална и умерена попреченост | - Реконструкција и адаптација на постоечкиот простор<br>- Набавка на технологија за квалитетен психички и физички разој на корисниците | Зградата на постоечкиот Дневен центар, со капацитет од 30 корисници и површина од 260 м$^2$ | 200 000 евра | Проекти преку донатори, грантови.<br>-Буџет на Општина Крива Паланка | -МТСП<br>-ЈУ МЦСР -КРИВА ПАЛАНКА<br>-НВО | 24 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сместување во установа на стари лица без семејна грижа | Дом за стари лица | Изградба или реконструкција и адаптација на руинирана зграда | Неискористен руиниран дел од ученички дом „Боро менков“со капацитет од 20 корисници и површина од 300 м² | 700 000 евра | -Светска Банка Министерство за социјална политика, демографија и малди | -МТСП<br><br>-ЈУ МЦСР -КРИВА ПАЛАНКА<br>-НВО | 24 месеци |
| Услуга во заедницата | Центар за привремен престој, сместување и згрижување на жртви на семејно насилство | - Стручен тим<br>- Опрема и средства за активности | Објект во сопственост на Општина Крива Паланка (Поранешно подрачно училиште во с.Станци) 217 м² | 500.000 евра | Проекти преку донатори, грантови.<br>-Буџет на Општина Крива Паланка | -ЈУ МЦСР-КРИВА ПАЛАНКА<br>-НВО | 24 месеци |
| Услуга во заедницата | Сензорна соба | Опремување | Дневниот центар или училница во основните училишта.<br>со капацитет од 10 корисници и површина од 100 м² | 10.000 евра | Проекти преку донатори, грантови.<br>-Буџет на Општина Крива Паланка | Локалните градинки, училишта, Дневен центар и НВО | 24 месеци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуга во домот за лица со попреченост | Асистенција во домашни услови. | Обука и сертификација на лични/персонални асистенти | ОО Црвен Крст | 50.000 евра | -Светска Банка<br>-други донатори | МТСП<br>Светска банка<br>ЈУ МЦСР-Крива Паланка<br>ОО Црвен крст-Крива Паланка<br>-Здружение „Хендикеп Плус“ - група за поддршка на лица со хендикеп. | 24 месеци |

**7. Лиценцирање на даватели на услуги**

Според законот за социјална заштита МТСП издава дозвола за вршење работи од социјална заштита на правни и физички лица под услови утврдени со овој закон, утврдува стандарди и нормативи за давање социјални услуги. Соодветно на потребите на новите социјални услуги ќе се врши дополнително лиценцирање согласно со правилниците кои произлегуваат од Законот.

Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Крива Паланка се лиценцираше сертифицирање на негователи за стари и изнемоштени лица и за давање на услуги на стари и изнемоштени лица.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ, бр.05/02) и член 14 став 1 точка 11 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), а во врска со член 141 и 142 од Законот за Социјална заштита („Службен весник на РСМ бр.104/19),Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 27.09.2019година, донесе

# ОДЛУКА

**за формирање Општински совет за социјална заштита**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Општински совет за социјална заштита.

**Член 2**

Општинскиот совет за социјална заштита е составен од претставници на општинската администрација, центарот за цсоцијална работа, даватели на услуги, здруженија, верски заедници и други правни и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита, установи од областа на образованието, здравствената заштита, вработувањето, полиција или јавно обвинителство, од подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Член 3**

Општинскиот совет за социјална заштита брои 11 (единаесет) членови.

**Член 4**

Мандатот на членовите на Општинскиот совет за социјална заштита е во траење од 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од со денот на донесувањето, аистата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-3053/15**
**27.09.2019 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 22 став (7) од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ, бр.05/02) и член 14 став (10) и (39) од Статутот на Општина Крива Паланка(Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23 ,05/23 и 14/23), а во врска со член 141 и 142 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 13.11.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување членови на Општинскиот совет за социјална заштита**

**Член 1**

За членови на Општинскиот совет за социјална заштита се именуваат:

-Елена Христовска-претставник од Општина Крива Паланка,

-Жаклина Димитриевска-претставник на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи,

-Михајло Колев-претставник од ЦИПЛП „Порака"

-Дарко Пешевски-претставник ОО Црвен Крст-Крива Паланка,

-Сузана Стаменковска-претставник од ЈЗУ Здраствен Дом „Димитар Арсов-Крива Паланка

-Анита Илиевска-претставник од ООУ „Илинден",

- Викторија Груевска- Претставник од ООУ „Свети Јоаким Крчовски"

-Гордана Стојковска- претставник од СОУ „Ѓорче Петров"

-Сашо Цветковски- претставник од ОУД „Боро Менков"

-Сашка Пешовска-претставник од ОЈУДГ „Детелинка"

Орце Трајановски- претставник од МВР Крива Паланка

**Член 2**

Членовите на Општинскиот совет за социјална заштита се именуваат со мандат во траење од 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „СлужбенГласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 5264/7**
**13.11.2023 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ, бр..05/02) и член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со член 141 и 142 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и Решението за именување на членови на Општинскиот совет за социјална заштита 09-5264/7 од 13.11.2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 14.11.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување на членови на Општинскиот совет за социјална заштита**

**Член 1**

Се разрешуваат членови на Општинскиот совет за социјална заштита и тоа:

- Михајло Колев-претставник од ЦИПЛП „Порака“ (по негово барање) и

- Дарко Пешевски- претставник ОО Црвен Крст Крива Паланка (престанок на функцијата Секретар на ОО Црвен Крст Крива Паланка).

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-5684/31**
**14.11.2024 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ, бр..05/02) и член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со член 141 и 142 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и Решението за именување на членови на Општинскиот совет за социјална заштита 09-5264/7 од 13.11.2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 14.11.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За номинација на членови на Општинскиот совет за социјална заштита**

**Член 1**

За членови на Општинскиот совет за социјална заштита се именуваат:

- Бранкица Димитровска-претставник од Хендикеп плус и

- Маја Илиевска- претставник ОО Цревен Крст Крива Паланка.

**Член 2**

Членовите на Општинскиот совет за социјална заштита се именуваат со мандат во траење од 4 (четири), со право на повторен избор.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-5684/33**
**14.11.2024 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

## РЕЗИМЕ

- Учесници и соработници  за изработка на Социјалниот план 2025-2031 година за Општина Крива Паланка
- Општина Крива Паланка
- Советот за социјална заштита при Општина Крива Паланка
- ОО Црвен Крст-Крива Паланка
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка

**Благодарност до сите учесници кои дадоа  особено значаен придонес за изработка и ажурирање на податоци за  Социјален план 2025-2031 година за Општина Крива Паланка со кој ќе се подобри квалитетот на живот на граѓаните.**